Macedonian

Australian Government
Attorney-General's Department

# ДА ЈА ЧУВАМЕ АВСТРАЛИЈА БЕЗБЕДНА. ИЗВЕСТУВАЈТЕ НЕ ПОСТОЈАНО.

**NATIONAL SECURITY HOTLINE**
**1800 1234 00**

**Обучени телефонисти секој повик го сфаќаат сериозно.**
**Може да не го кажете вашето име.**

## Национална безбедност – секоја поединост помага

Секоја информација што ја добиваме од припадниците на јавноста денес може да биде од непроценлива вредност за да се зачува Австралија безбедна од тероризам утре. Често најмалите поединости прават најголема разлика. Па затоа, ако видите или чуете нешто што едноставно не ви изгледа како што треба, ве молиме јавете се на Дежурната телефонска линија за национална безбедност и пренесете ги информациите.

## Што е тоа Дежурна телефонска линија за национална безбедност?

Дежурната телефонска линија за национална безбедност (**1800 1234 00**) е бесплатен телефонски број преку кој се поврзувате со властите за да пријавите можни терористички активности во Австралија. Дежурната линија работи 24 часа дневно, седум дена неделно. Важно е да ги пренесувате информациите – секоја информација што ја добиваме од припадниците на јавноста денес може да биде од непроценлива вредност за да се зачува Австралија безбедна од тереоризам утре.

## Што треба да се пријави на Дежурната телефонска линија за национална безбедност?

Терористите се потпираат на изненадувањето, па затоа секогаш ќе биде тешко да се запознае јавноста со конечниот список на можните знаци за тероризам. Меѓутоа, локалното и странското искуство ни има дадено некои можни знаци за предупредување на кои треба да внимаваме. Додека австралиските служби за безбедност напорно работат за да ја заштитат Австралија од тероризам, припадниците на јавноста можат да помогнат да се дополни сликата. Оваа брошура ви дава неколку примери за работи на кои треба да внимавате.

### Невообичаено снимање со камера или сликање со фото-апарат на службени згради или на други многу важни објекти од инфраструктурата

Снимањето со камера е еден од начините на кои терористите прибираат информации за некоја цел. Ако видите некој што користи камера, фото-апарат или телефонска камера на начин што ви изгледа необичен (а не изгледа дека е турист), тогаш пријавете го тоа.

### Сомнителни возила во близина на значајни згради или на јавни места со многу луѓе

Терористите користат возила за многу различни намени, од набљудување до подметнување бомби. Возилата може да бидат паркирани невообичаено долго време, понекогаш на места што не се наменети за паркирање. Експлозивите може да бидат тешки, па така колите и комбињата може да бидат ненормално многу ниско спуштени. Тие може да бидат со истечена регистрација, да имаат лажни таблички или воопшто да немаат таблички.

### Сомнителни потреби при сместувањето

Понекогаш луѓето ги користат, изнајмуваат или купуваат живеалиштата на сомнителен начин, а од нив може да работат на планирањето и изведувањето на терористички напад. Во Велика Британија една изнајмена гаража била претворена во фабрика за бомби. Еден припадник на јавноста пријавил дека се случува нешто чудно затоа што постојано доаѓаат и си одат луѓе што носат ракавици, што довело до апсење на терористите кои претходно веќе три пати го имале нападнато аеродромот Хитроу.

### Невообичаено купување на хемикалии, експлозиви и заштитна опрема

Хемикалии биле користени при терористички напади насекаде во светот. Тие хемикалии можат лесно да се набават како средства за домаќинството, за земјоделието, за ветерината, за индустријата и за козметиката. Ако забележите невообичаено купување на хемикалии и на заштитна опрема, пријавете го тоа на Дежурната телефонска линија за национална безбедност.

### Нешто едноставно не изгледа како што треба

Луѓето што смислуваат некој терористички чин може да се однесуваат на необичен или сомнителен начин, или пак нивните барања едноставно не изгледаат како што треба. Пример за однесување што не изгледа како што треба беше видено кај терористите одговорни за нападите во САД од 11 септември. Тие земале часови по летање, но не ги интересирало како да полетаат или да слетаат. Дали  нешто ќе биде сомнително или не, може да зависи од околностите. Гледајте ја ситуацијата во целина. Ако нечии активности ве загрижуваат затоа што однесувањето не изгледа како што треба, јавете се на 24-часовната дежурна телефонска линија за национална безбедност на **1800 1234 00**.

### Лажно претставување или претставување со повеќе имиња

Луѓето што планираат терористички чин често користат украдени или лажни документи, вклучувајќи кредитни картички, пасоши и возачки дозволи. Тие исто така може да се претставуваат и под повеќе различни имиња, а може да им даваат и противречни поединости на луѓето со коишто контактираат.

**Запомнете,** често најмалите поединости може да ја направат најголемата разлика. Ако видите или ако знаете за некое однесување што ве загрижува, забележете колку што можете повеќе подробности. Подробности што може да им помогнат на властите се: куќни адреси, датуми, времиња, телефонски броеви, регистарски таблички и описи.

## Контактни поединости

Ако видите или чуете нешто што едноставно не ви изгледа како што треба, ве молиме јавете се на Дежурната телефонска линија за национална безбедност и пренесете ги информациите. Запомнете дека многу често најмалите поединости прават најголема разлика.

| | |
|---|---|
| Телефон: | **1800 1234 00** |
| Електронска пошта: | hotline@nationalsecurity.gov.au |
| Посетете го: | australia.gov.au/nationalsecurity |